# „Реконструкција и адаптација на објекти наменети за Културни домови во с.Стојаково – општина Богданци, с. Радово – општина Босилово и с. Ракитец - општина Конче“



Моментално објектите кои се наменети за Културни домови во с.Стојаково – општина Богданци, с. Радово - општина Босилово и с. Ракитец - општина Конче се дотраени и се во многу лоша, руинирана и неупотреблива состојба. Ваквата сосотојба во овие објекти оневозможува нивно користење за организирање на манифестации од различен вид од страна на жителите во овие населени места.

Преку овој проект ќе се овозможи реконструкција и адаптација на три Културни домови во следниве населени места: с.Стојаково – општина Богданци, с. Радово - општина Босилово и с. Ракитец - општина Конче. Исто така ќе се изврши нивно опремување со соодветна опрема, ќе се постави комплетна инфраструктура, а ќе се изврши и уредување на дворното место околу самите објекти.

Со реконструкцијата и предавањето во употреба на овие културни домови жителите на населените места Стојаково, Радово и Ракитец ќе добијат простории каде што ќе можат меѓусебно да се дружат, да организираат разни манифестации, средби и состаноци. Домот на културата ќе можат да го користат месните заедници, здруженијата на пензионери, здруженијата на жени, на младинци, спортските друштва, односно сите граѓани што ќе имаат потреба за тоа.

## Краток преглед на проектот:

**Носител на проектот:**

- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

**Проектни партнери:**

- Општина Богданци
- Општина Босилово
- Општина Конче

**Времетраење:**

1 година

**Финансиран од:**

- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

**Цел на проектот:**

Реконструкција и адаптација на три културни домови во населените места: с.Стојаково – општина Богданци, с. Радово - општина Босилово и с. Ракитец - општина Конче.

**Контакт:**

Ристо Чивчиев
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/238-949
Тел./Факс  034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

АФПЗРР





**Цели на проектот**

Реконструкција и адаптација на Културни домови во следниве населени места:

- с. Стојаково - о. Богданци;
- с. Радово - о. Босилово;
- с. Ракитец - о. Конче;

**Очекувани резултати**

- Реконструирани и адаптирани Културни домови во 3 населени места: с. Стојаково – општина Богданци, с. Радово - општина Босилово и с. Ракитец - општина Конче
- Зголемен број на организирани манифестации, средби и состаноци
- Подобрени услови за живот на жителите од овие населени места